Орхидеја ШУРБАНОВСКА

# ПСИХОАНАЛИТИЧКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ ПРОЦЕСИ НА ДЕТЕТО ВО СЕМЕЈСТВОТО И ВО УЧИЛИШТЕТО

*„Децата и поданиците... многу ретко се „виновни" отколку родителите и раководителите".*
*(P. D. S. Chersterfield)*

Основна задача на детето и неговата околина е уште во детството да се подготви за возрасно лице. Сите скали низ кои детето поминува во неговиот развиток, следени со многу талкања, всушност ги сочинуваат кривулестите патишта на два основни процеса, а тоа се **зреење** и **учење**. Детството, семејството и училиштето се најзначајни фактори во животот на човекот. Тие впиваат многу енергија и време, така што заслужуваат подобро запознавање на нивните обележја и нивните заемни влијанија. Психоаналитичарите, развојните процеси на детето ги гледаат во динамичко единство со родителите и наставниците. Детето е во средиштето на набљудувањата, додека родителите и наставниците се најзначајните инструменти за корекција на неговиот целосен развиток. Психичкиот развој на детето е од најголем интерес за општеството, а детето за родителите е основниот мотивациски фактор речиси за сите нивни активности.

Семејството, како примарна средина во која се разива личноста на детето и во која индивидуата најрано се среќава со условите на општествено-културниот живот, практично ја одредува рамката во која може да се развива како личност. Детето ќе стане личност во сложениот комплекс на општественото живеење, гледајќи го сè уште непознатиот свет низ прозорците од својот дом, со очите на своите родители или постари браќа и сестри. Значи, како за него ќе изгледа светот, зависи од тоа што и како родителите и возрасните од тој свет му пренесуваат, односно како тие го доживуваат, колку во него учествуваат, го прифаќаат или отфрлаат. Многу теоретичари, посебно од областа на психоанализата, го

разработувале овој проблем, анализирајќи ги интеракциските односи во семејството, училиштето и други средини каде што детето расте и се развива. Така, П. Брајша (1990) за психодинамичките односи во семејството смета дека постои паралелно функционирање на два процеса: **интрапсихички процеси** што се случуваат во самата личност, и надворешни непосредни **интерперсонални процеси** меѓу родителите, децата и другите членови на семејството. Првите процеси се потешко забележливи од другите. Интрапсихичките процеси се почесто несвесни, за разлика од интерперсоналните, кои почесто се свесни процеси. Првите тешко ги прифаќаме и разбираме, за разлика од вторите. Интрапсихичкото и интерперсоналното се во постојано движење во семејството. Така Брајша ги наведува следниве интерперсонални, психодинамички обележја на семејството:

1. Постоење на интрапсихички и интерперсонални системи;
2. Циркуларна поврзаност на интрапсихички и интерперсонални односи;
3. Постоење на психодинамички аспекти на интерперсоналната комуникација;
4. Постоење на внатрешно и надворешно приспособување.

Семејството се одржува со свесни и несвесни пориви, како и во постојана интеракција меѓу емоционалното и рационалното. Значи, психодинамичките теории ги проучуваат сите влијанија кои може да ги има човек врз човек. Во семејството, како микросредина на единката, многу се учи, но не само позитивни содржини и примери, туку и оние кои се девијантни, морбидни, деструктивни и непродуктивни. Фрамо (1979) смета дека интрапсихичкото кај детето е проекција на трансакциите во семејството. Детето често ги асимилира и ги проектира многубројните интерсемејни фрустрации, немајќи капацитет за разрешување или отфрлање на поранешните семејни доживувања. Тие, пак, се пренесуваат на интерперсоналните релации во семејството што детето ќе го формира како возрасен. Многу идни избори, посебно брачните, потекнуваат од интроектираниот објект каде што е значајна родителската фигура, посебно ако се идеализира. Тогаш, идниот избор е свесен избор, често е сличен со првиот значаен објект, односно таткото или мајката. Фрамо исто така ги опишува процесите на семејните проекции. Тој поаѓа од сознанието дека родителите на децата им наметнуваат многу ирационални улоги и со тоа

ги оживуваат старите потиснати интрапсихички конфликти. Значи, несвесните содржини кои се вткаени во семејството играат важна улога во сите интерперсонални односи, така што тие бараат пат до својата реализација не само преку конверзии и симптоматско, психопатолошко, манифестирање, туку и во различни други односи и однесувања.

Анализата на Фројдовото значење на семејството како фактор во развојот на личноста на детето, укажува на влијанието на таткото и мајката поединечно како единки. Според З. и В. Груден (1992), за развивањето на **супер-егото** кај детето важно е какви интеракциски односи, норми и вредности се јавуваат кај постарите, т. е. таткото и мајката, а подоцна и кај наставникот како модел на идентификација. Како последица од целосната физичка зависност на детето од родителите, се развива чувство на љубов и омраза, но се развива и супер-егото како контролор на тие чувства. Таа зависност од родителите носи во себе и грижа за можното губење на нивната љубов и сигурност, така што создава притисок за развивање на одредени форми на однесување кај детето. Супер-егото се развива под притисок на семејството и општеството, така што егото на детето не се сретнува повеќе со непосредната социјална реалност и непосредната реалност на неговите желби, туку со реалноста што ја цензурира Супер-егото. Поточно, воспоставениот механизам на контрола на Супер-егото е проекција на авторитетот. Значи, Супер-егото е конципирано како копија на авторитетот на родителот. Така, детето учи да ги совладува своите нагони во разни ситуации како што се едиповските ситуации, преку разрешување на конфликтот меѓу принципите на задоволство и реалност. Оттука може да се заклучи дека подредувањето на авторитетите и потиснувањето на нагоните кај детето се два процеса кои се одвиваат паралелно, и тоа преку моќта и надмоќта на родителите, над немоќта и подреденоста на детето. Готовноста на детето да се подреди се засилува доколку родителите му понудат љубов и топлина. Тоа ја поттикнува идентификацијата како одбранбен механизам, а така се поттикнува и процесот на социјализација кај детето. Според Н. В. Екерман (1996), **социјализацијата** во психоанализата е сфатена како процес на скротување на несакани импулси и канализирање во општествено корисна насока, со што се поттикнуваат и други нагони. Така, социјализацијата Фројд ја смета за негативен процес кој предизвикува анксиозност, што

во културата се манифестира преку различни колективни ритуали. Според Фројдовиот класичен концепт за структурата на личноста, борбата меѓу нагонските стремежи на **ид, егото** како посредник меѓу нагоните, наредбите на **супер-егото** и **реалноста,** создава конфликт во личноста на детето. Така, всушност, процесот на социјализација го овозможуваат постојаните дејствувања на посредничките и организаторски функции на егото. Егото е слабо ако тие посреднички и поврзувачки функции во личноста меѓу личниот и надворешниот свет, детето не ги надмине.

Да се задржиме на **Едиповиот триаголник**, кој природно предизвикува конфликтни амбивалентности кај детето. Според Фројд (1969), чувството на вина кај детето во врска со полот и нагоните е можна последица на Едиповиот комплекс. Фројд ни укажува на условите во кои се врши идентификацијата во Едиповиот триаголник, кои се редуцирани, репресивни, чувствено преоптоварени и загрозени.

**Идентификацијата со агресорот** како механизам на одбрана, психоаналитичарите ја објаснуваат со потребата на детето да го елиминира или ублажи стравот од загрозувачкиот објект (идентификацијата е предизвикана од омразата, но и потребата од заштита и сигурност), што претставува ирационално приспособување на авторитетот. Карактеристична е за деца кои се чувствуваат загрозени и беспомошни. Детето настојува да го победи својот страв така што во себе ќе внесе особини на непријателот и ќе му стане сличен.

Фројд не ги изучувал темелно индивидуалните влијанија на родителите врз детето, туку своето внимание повеќе го насочил кон интрапсихичките конфликти и одбранбени механизми, што се случуваат во детето. Семејството и сè што се случува во него останало на работ на неговите теоретски интереси. Во центарот на психоанализата била единката. Фројд истражувал што се случува во детето кое е самодвигател, причинител на своите психодинамички процеси.

Популарното име на психичките механизми кои психодинамичарите ги нарекуваат **механизми на одбрана**, е **несвесни лаги.** Фројд рекол: „...да нема одбрани, би полуделе...“. Причината за лажењето е во стравот од вистината. Така, Зденка и Владимир Груден (1992) мошне минуциозно опишуваат како се раѓа механизмот **проекција**. Имено, детето уште во првите месеци од животот покрај задоволства доживува и незадоволст-

ва. Тоа е случај кога, на пример, треба да го одложи нагонот за глад, потребата за заштита, топлина и слично. Таквите непријатни доживувања поттикнуваат кај него агресија, додека љубовта ги задоволува потребите и ги остварува нагонските побуди. Значи, сега со љубовта се појавува и омразата–агресијата, како две спротивни појави кои возрасните околу детето ги исклучуваат, односно тие две спротивности не можат да бидат во соживот. Омразата може да ја уништи љубовта. Така настанува првата проекција (лага). Наместо детето, а подоцна и ученикот, да го учиме на тоа како вò животот да ги поднесува овие два природни поттикнувачи, тоа мора да ги раздвојува; впрочем така прават и родителите и наставниците, а детето само учи имитирајќи ги. Така настанува „раскол", кој ќе биде пример на сите останати поделби во светот меѓу доброто и злото. Така се создадени основите за големите тагувања на луѓето. Но, злото е составен дел на животот, го има насекаде и наместо да ги помириме тие две спротивности ние се бориме со тоа, така се ставаме во положба на човек кој сака да оди, а самиот си згазнал на ногата со која сака да зачекори. Малку воспитувачи мислат спротивно. Заради тоа постои погрешен воспитен став, дека треба да се поттикнува доброто, а да се потиснува злото и така се создава способноста за лажење на самите себеси. Но, иако се разделени, тие се во иста „вреќа", односно во исто лице. За да се заштити доброто, љубовта и животот обично човекот се откажува од злото и го проектира во друго лице, надвор од него самиот. Сè она што нашиот стражар, строгиот морал, го осудува како лошо ќе се најде проектирано во друго лице. Осиромашени со проекцијата, ние настојуваме да надополниме со вредностите на оној другиот како трговија каде што се дава лошото а се зема доброто. Така, со **идентификација** со позитивно оценетиот објект веруваме дека сме полни со доблести како јунаците на романите и филмовите. За да си го докажеме тоа себеси, се облекуваме како нив, одиме како нив, зборуваме како нив и слично. Честа форма на лаги е заборавањето, односно **потиснувањето**, а тоа се манифестира во порекнувањето на постоењето одредени особини што не сме подготвени да ги прифатиме затоа што веруваме во своите доблести. Поради тоа е тешко да се толкуваат несвесните конфликти кај оние кои не се подготвени да ги прифатат. Воспитувањето не е возможно ако не ги познаваме овие „лаги" но исто така и наставникот треба да поверува во

постоењето непознати димензии на својата личност. Во обидот да изгледаме спротивно од она што сме, навлегуваме во механизмот **реактивна формација**, каде што плашливите луѓе стануваат големи јунаци, несигурните стануваат диктатори, а фобичарите – виртуози во опасни ситуации. Обожавањето, односно **идеализацијата**, е слично на реактивната формација каде што детето плашејќи се од големата омраза која ја носи во себе кон родителот, него го прифаќа како идеално лице (слично е и со односот ученик–наставник). Секојдневна форма на лага е **рационализацијата,** ученикот не може да учи бидејќи ги нема „сите услови за тоа".

Фројд исто така ни овозможува да ги разбереме и да ги согледаме механизмите на однесување кај човекот во капиталистичкото општество, во чии рамки се одвива социјализацијата на детето. Авторитетната структура на семејството е важна за потребите на општеството. Во такво семејство детето учи да разликува наредби и угнетување, моќ и немоќ, како и да ги прифаќа нив, бидејќи во семејната зависност отпорот би значел самоуништување. Тука В. Реич (1982) ја наоѓа причината за пасивното однесување на малограѓанскиот човек кон водечките фигури, што на Германија ѝ го овозможи развојот на фашизмот. Вилхеим Реич (1980) експлицитно покажува како структурата на семејството го одржува класното општество и како класното општество влијае врз социјалниот процес при формирањето **авторитативен карактер.** Тој смета дека авторитативниот карактер, односно „оклопот на егото", настанува преку механизмите на потиснување на сексуалната тензија кое го бара средината и заради тоа извираат постојани конфликти меѓу нагоните и надворешниот свет. Настанувањето на „оклопот на егото" се темели врз три процеси:

1. Детето идентификувајки сè со депримирачката реалност и самото станува депримирана личност;
2. Депримираната личност, агресивноста ја свртува кон самиот себе;
3. Детето формира релативен однос против сопствените сексуални тенденции, чија енергија ја користи против нив самите.

Фројд (1917), прв обрнал внимание на **трауматските** последици од влијанието на околината (родителите, семејството, училиштето) врз детето. Како посебни доживувања кои влијаат трауматски ги означил

половиот однос на родителите, одвојувањето од постарата личност, стравот од кастрација. Во психоанализата траумата е јак емоционален полнеж кој не може да се празни. Подоцна на влијанието на околината му дава помало значење, меѓутоа секогаш поголемо внимание им придавал на некои неизбежни услови на човечките конфликти во растењето како што се: одвојување од дојка, навикнување на хигиена, ривалство меѓу браќата и сестрите, конфликтноста на едиповското време и др. **Разделбите** односно сепарациите, според З. и В. Груден (1992), се најтешките трауми што ги доживува детето. Тоа може да се разделби заради распад на родителскиот брак, заминување во странство на родителите, смрт на родителите, смртта на нивната баба итн., кои ја условуваат траумата кај детето. Подоцна во животот се чини дека се заборавааат, но бидејќи животот носи нови разделби (завршување на образованието, преселба, промена на работното место, смрт на блиски лица и др.), старите разделби повторно се оживуваат и со новите толку ја оптоваруваат душата на детето (човекот), што може да доведе до психички растројства. Разделбата, односно сепарацијата, условуваат осаменост како конкретна појава или како конкретно доживување. А да се биде сам значи да се биде без љубов. Разделбата значи да се умре, а средбата значи љубов. Разделбата, сепарацијата, е дел од агресијата чија крајна цел е смртта, заради тоа постојаните разделби значат бавно умирање, кое пред сè предизвикува страв, а потоа депресија кај личноста на детето. За да се надминат овие пречки, велат многу психотерапевти, лекот е да се најде објект кој ќе ја исполни празнината, да се најде лице со кое може да се реализира љубовта. Така, многу деца бараат друштво или заштита од другарите во училиштето или од наставниците. Детето, односно ученикот, со нив не е само, со нив е сигурно, посебно со наставникот бидејќи знае дека тој по службена должност мора да го поднесува. Таквата улога на наставникот е привремена, детето (ученикот) својата осаменост треба да ја реши во реалноста, што е за него повредно, но тоа не е лесно. Кој и да било, освен наставникот, не е сигурна личност за детето. Тоа е сигурно дека наставникот нема да го напушти заради несовршеноста на својата личност. Наставникот мора да му помага на детето, односно на ученикот додека му е потребен. Сепак, многу психотерапевти сметаат дека најсигурно е вложувањето во „пријателот“ во нас самите, тоа е она непознато

во нас, оној оптимистички несвесен дел на личноста, смислата на животот и сл. Тој секогаш ќе биде со нас, до крајот на нашиот живот.

Има два основни енергетски импулси, според Фројд, кои бараат растоварување заради доживување на задоволство. Тоа се **либидо** и **агресија,** т. е. љубов и омраза. Спречувањето на доживувањата кои предизвикуваат задоволство создава **фрустрација**, која всушност е незадоволство. Либидото и агресијата бараат свој начин на растоварување, т.е. пат по кој ќе дојдат до објектот. Тоа пред сè е устата, потоа аналниот и мочниот отвор и на крајот половиот орган, па оттаму Фројд ги опишува **оралната, аналната, уретралната и генитална фаза** во развојот на детето.

Фрустрацијата може да предизвика надворешен **конфликт**, но таа може да предизвика и внатрешен, т. е. невротичен, конфликт доколку детето нема на располагање техники за преработка на тие доживувања. Од друга страна, надворешната депривација предизвикува регресија во личноста на детето кон инфантилните либидинозни фиксации, а предизвиканиот страв е почеток на невротичниот конфликт.

Фројд истакнува дека постојат два извора за невротичниот конфликт меѓу егото и реалноста: конфликт меѓу его и ид како и меѓу его и супер-его. Во првиот фрустрацијата се јавува како последица на дисхармонијата меѓу одреден начин на задоволување на нагонските стремежи и развиените или развивачките функции на егото кај детето. Носител на невротичниот конфликт е посебно строгиот и ригорозен супер-его (родителот) кој бара ограничување на сите нагонски стремежи.

Уште во 1961 год. Фенихел во својата книга „Психоаналитичка теорија на неврози“ зборува за **трансфер** кој се појавува во безброј реакции во психоаналитичките сеанси. Тој практично е откриен во психоанализата. С. Фројд трансферот го дефинира како емоционална реакција, односно како специфичен случај на преместување на афектот од еден на друг претставник. Трансферот се однесува на емоциите кои се врзани за значајни личности кои имале значајни улоги во животот на детето, односно повторување на некогашните чувства во сегашна ситуација. Некои автори на трансферот гледаат како на идентификација, односно ликот на едно лице несвесно се идентификува со друго. Денес, трансферот има централно значење и во педагошката практика. За да се разберат ученичките односи спрема наставникот, остварувањето разни пријателства,

па и љубови, е неможно без да се разберат трансферните појави. Психоаналитичарите сметаат дека пациентите во психоанализата на лекарите несвесно им ја придаваат улогата на родител кој ги сака или мрази. Сличен однос има и ученикот спрема својот наставник. Во 1912 год. Фројд својот реферат го посветил на трансферот и истакнал дека трансферот е врзан за прототипови, односно за имиџите (сликите) на мајката и таткото, братот, сестрата и слични фигури. Значи, во трансферна ситуација ученикот реагира спрема наставникот со чувства што тој ги има или ги имал спрема некое друго лице. Трансферот во односот ученик–наставник е едностран, поточно, таков треба да биде, бидејќи наставникот мора да остане емоционално слободен за да може да го разбере трансферот на ученикот. М. Ф. Бах (1980), трансферот на афектите го смета за нормален процес во развојот на детето кога некој ќе се најде во состојба на зависност од друго лице. Во таква ситуација се создаваат: надеж, желба и страв. Овој модел на однесување може да се промени со искуство, но може да остане и непроменет. Оттука може да се види колку е пресудна улогата на наставникот во создавањето правилни и исправањето на неправилните емоционални односи на ученикот. Наставникот поттикнувајќи ги трансферните реакции, ја отвора Пандорината кутија во која има либидинозни и агресивни чувства кои веќе не можат да се контролираат. Фројд смета дека постојат два вида трансферни реакции: позитивни и негативни. Позитивните се врзани за чувствата во кои преовладува љубов, односно нејзините облици од кој било вид. Значи, позитивен трансфер е кога ученикот чувствува кон наставникот: нежност, љубов, доверба, заљубеност, допаѓање, грижа, верност, залуденост, страст, глад и слични чувства. Несексуалните и нeромантичните форми на љубов се основа на правилниот однос на ученикот спрема наставникот. При таквиот однос се среќаваат чувства сродни на допаѓање, верба и почитување. Во позитивните трансферни чувства се вбројува и идеализацијата, која најчесто е присутна кај учениците кои имаат загубено родител поради смрт или развод. Но, во идеализацијата на наставникот може да избие агресивна реакција која е прикриена од почетокот на обожавањето, тогаш таа може да биде многу силна и штетна не само за ученикот туку и за средината и наставникот. Негативните трансферни реакции се чувствата што се темелат на омраза: лутење, недопаѓање,

презир, здодевност, одвратност, огорченост и слични чувства. Обично тој трансфер потешко се открива од позитивниот, но сепак тој е постојано присутен, во секој однос. Причината за неговото потешко откривање е во фактот што и самите ученици не ја признаваат сопствената трансферна омраза, а и самиот наставник е фрустриран од нив. Така ученикот непријателството спрема наставникот може да го прикрие со хумор, сарказам и „пецкање“. Наставникот треба да е свесен дека негативниот трансфер никогаш не е отсутен, туку е скриен. Негативен трансфер препознаваме во нарушеното однесување на ученикот, или во неговиот преголем страв од наставникот. Однесувањето на ученикот се оценува како позитивно или негативно, од страна на наставникот, но таа оцена е субјективна и е одраз на неговиот контратрансфер, за кој подоцна ќе зборуваме. Негативниот трансфер го забавува процесот на учење и затоа треба брзо да се открие, но тоа зависи од способностите на наставникот да се впушти во таква неблагодарна работа. Специфичен облик на трансферна реакција е **acting out**, или **агирање**, што се дефинира како добро организирани, меѓусебно зависни активности кои навидум имаат цел и се свесни. Тие имаат импулсивен карактер. Тоа може да биде кога ученикот ќе поцрвени на часот или ќе се збуни, но може да биде и многу бурна реакција кога ученикот „треска“ на вратата, вика, фрла на под, напушта настава и слично. Многу психолози во актинг аут гледаат позитивна воспитна улога како соочување со чувството. Тој е регресија, и со него се изразуваат нерешените несвесни конфликти, а недоволно структурираното его дозволува архајски пулзии манифестирани низ егоистично однесување, што е следено со слабо супер-его кое не може да ги контролира пулзиите. Како посебен вид трансфер е **контратрансфер**, кој се дефинира како збир на несвесните наставникови реакции на личноста на ученикот, или како несвесна реакција на наставникот на трансферот на ученикот. Поимот контратрансфер Фројд го воведува во 1910 година, за да укаже на постоењето на влијанија од страна на пациентот врз несвесните чувства на лекарот. Истата реченица може да се употреби и за воспитниот процес: контратрансфер е учениковото влијание на несвесните чувства на наставникот. Притоа треба да се нагласи дека секој наставник владее со воспитната ситуација онолку колку што му дозволуваат сопствените комплекси и отпори. Понатаму, секој наставник поседува соп-

ствен несвесен инструмент со кој може да ги допре и да ги разбере несвесните појави на друго лице. Тоа се нарекува флотирачко внимание, односно развиена способност на интроспекција (забележување на сопствените несвесни појави), што е предуслов за успешна емпатија, без која нема разбирање на ученикот. Влијанието на ученикот врз наставникот е позначајно отколку што тоа го истакнува педагошката литература.

Стирлин (1978) зборува за **интерфамилијарен и трансфамилијарен трансфер**. Интерфамилијарен трансфер се појавува во примарното двогенерациско семејство, и најчесто се јавува во партнерските релации, каде што брачните партнери го пренесуваат од своите семејства. Трансфамилијарниот трансфер ги надминува границите на семејството, значи многу доживувања, ставови, очекувања и фантазии се пренесуваат на лицата надвор од семејството, со кои членовите воспоставуваат различни спектри на емоционални и интерперсонални релации. Најчесто тие лица надвор од семејството, за децата се нивните наставници, бидејќи им се постојано на располагање и имаат значајна улога во животот на ученикот.

Психоаналитичката теорија детално го разработила концептот на психичкиот развој на детето и користењето на механизмите во процесот на адаптација. Секое семејство има некоја специфична одбрана за разрешување на внатрешните и надворешните притисоци, кое несвесно ги прифаќа и детето. Семејството, на пример, може да ја користи одбраната на повлекување, кога се изолира и ги избегнува сите можни фрустрации и конфликти или може да користи поагресивни начини за надминување на тешките ситуации во животот, што се пренесува како механизам за адаптација кај детето.

Од сето ова може да се заклучи дека многу појави во текот на образованието и секојдневниот живот на детето, подобро ги толкуваме и ги разбираме во рамките на психоанализата. Овде опишавме само неколку доживувања или психички појави во развојот и воспитувањето на детето. За да се опишат сите поими потребни се многу томови книги, затоа што односите на детето со родителите, односно со семејството, и со наставниците, односно со училиштето, се испреплетени и сложени. Не е можно да се зборува за едно, а тоа да не одекне во друго, впрочем тоа е и порака од Талмудот:

„Општеството и семејството прилегаат на некоја палата, ако одземеш од палатата еден камен-темелник, тогаш сѐ ќе се урне".

**Клучни зборови**: интрапсихички процеси; интерперсонален систем; социјализација; ид; его; супер-его; едиповски триаголник; идентификација со агресор; механизми на одбрана: проекција, идентификација, потиснување, реактивна формација, идеализација, рационализација; авторитативен карактер; траума; разделба; либидо; агресија; фрустрација; трансфер.

## Литература

1. Basch, MF., Doing psihoterapy, Basic Books, New York, 1980.
2. Brajša, P., Drugačiji pogled na brak, Globus, Zagreb, 1990.
3. Fenichel, O., Psihoanaliticka teorija neuroza, Medeicinska knjiga, Beograd-Zagreb, 1961.
4. Framo, J. L., Family interaction: a dialogue between family researchers and familu terapeutist, Springer, New York, 1979.
5. Frojd, S. , Tri rasprave o seksualnoj teoriji, Odabrana dela, Matica srpska, Novi Sad, 1969.
6. Gruden, Z. i V., Dijete-škola-roditelj, Medicinska naklada, Zagreb, 1992.
7. Ekerman, N., Psihodinamika porodičnog života, Grafički zavod, Titograd, 1966.
8. Reich, W., Analiza karaktera, Naprijed, Zagreb, 1982.
9. Stierlin, H., Deliqency and families, Suhrkamd, Frankfurt am Main, 1978.

## SUMMARY

Orhideja SHURBANOVSKA

### PSYCHOANALYTICAL INTEPRETATIONS OF THE DEVELOPMENT PROCESSES OF THE CHILD IN THE FAMILY AND AT SCHOOL

This paper treats the psychoanalytical interpetation of the development processes of the child. Those notions practically originate from the social environment - the family and later the school, influencing at the most the growing up of the child. Froyd and his followers give most accurate and precise explainations of the influences of the social environment to the development prosesses of the child, starting from the internal and interpersonal relations in the family, the development of the super ego of the child, the socialization, then the mechanisms of defense, as the projection, identification, suppression, retroactive formation, rationalization. The psychoanalysts also explain the frustration through the notions of the libido and agression, while the terms transfer, contra transfer and acting out, which have a central part in the pedagogic practice, are explained in detail. In the end, the complexity of the relations of the child with the family and the school are emhasized, as they all together represent the foundations of the palace called society.